

**Министерката за култура Елизабета Канческа-Милевска и градоначалничката на Кисела Вода Билјана Беличанец-Алексиќ денеска извршија увид во градежните работи на објектот на старото кино во оваа општина, кој се реконструира и адаптира во Дом на културата** ...

Реконструкцијата на објектот е во завршна фаза и се прават напори тој да биде во функција на 29 јуни, Денот на Општина Кисела Вода.

- Кисела Вода е една од најголемите општини и заслужува да има ваков

репрезентативен и мултифункционален објект кој ќе биде во интерес на сите граѓани на Кисела Вода, на културата и за локален културен развој на Општината - рече Канческа-Милевска и додаде дека е ова капитална инвестиција која, како што рече, влезе во програмата на Владата, Министерството за култура и Општина Кисела Вода.



Министерката за култура изрази задоволство од изгледот на фасадата, од затворањето на објектот, од целосната функционалност на просторот.

- Се заложив и ветив на овој објект да му се додели нова киноопрема, согласно со проектот со Агенцијата за филм, каде што набавуваме кинопроектори и платна, со цел да ја добие функцијата во делот на киносалата. Граѓаните ќе можат да ја следат македонската домашна филмска продукција, која е зголемена, како и светската - рече Канческа-Милевска.






AKPA